Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 декември 2021 година**

**Скопје, декември 2021 година**

З А П И С Н И К
од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 17 декември 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:20 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминал, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата, учествуваа и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Нола Исмаиловска и Марјан Забрчанец од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка

2. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за взаемно признавање на одобренија за Овластен економски оператор за безбедност и сигурност (ОЕОС)

3. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

6. Информација за итна интервентна финансиска помош

7. Програма за давање на ANS услуги за 2022 година на воздухопловната навигација, Годишен финансиски план за 2022 година и Инвестициона програма за 2022 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со предлог–одлуки

8. Информација за потпишување на Договор за соработка во ветерината, безбедноста на храната, храната за исхрана на животни и фитосанитарната област на Западен Балкан, помеѓу Советот на министри на Република Албанија, Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија

*
* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

<u>Точка 2</u>

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за взаемно признавање на одобренија за Овластен економски оператор за безбедност и сигурност (ОЕОС) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за взаемно признавање на одобренија за Овластен економски оператор за безбедност и сигурност (ОЕОС).

2. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за взаемно признавање на одобренија за Овластен економски оператор за безбедност и сигурност (ОЕОС).

3. Се определува д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за взаемно признавање на одобренија за Овластен економски оператор за безбедност и сигурност (ОЕОС).

Точка 3

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година, во предложениот текст.

Точка 4

Владата го овласти Блерим Идризи, заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост, да го застапува и претставува Државниот завод за индустриска сопственост до именување на директор или вршител на должноста директор на Државниот завод за индустриска сопственост.

Точка 5

1. Владата заклучи:

- Се задолжува АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје да преземе соодветни активности за докапитализација на добиените средства од страна на Владата согласно Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/21).

2. Владата го одложи разгледувањето на Предлог-протоколот за одржување настани со медиумско присуство во услови на пандемија предизвикана од Коронавирус-Прилог бр.72 (составен дел на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена) за наредната седница на Владата, поради потребата Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го усогласи текстот на Предлог-протоколот со Секретаријатот за законодавство.

Точка 6

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за итна интервентна финансиска помош, за наредната седница на Владата која ќе се одржи на 21 декември 2021 година (вторник) поради потребата Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии да ја разгледаат можноста Министерството за транспорт и врски да исплати авансни средства на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје согласно нивното Барање, а Управата за јавни приходи да изврши поврат на ДДВ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје до крајот на годината.

Точка 7

Владата по Програмата за давање на ANS услуги за 2022 година, Годишниот финансиски план за 2022 година и Инвестиционата програма за 2022 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје со предлог-одлуки, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2022 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски план за 2022 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во предложениот текст.

3. Ја разгледа Инвестиционата програма на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи, Министерството за финансии да даде согласност на новото Барање (за вработувања) доставено од Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, за реализација на програмите.

Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договор за соработка во ветерината, безбедноста на храната, храната за исхрана на животни и фитосанитарната област на Западен Балкан, помеѓу Советот на министри на Република Албанија, Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во ветерината, безбедноста на храната, храната за исхрана на животни и фитосанитарната област на Западен Балкан (усогласен со Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за законодавство).

2. Се овластува Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за соработка во ветерината, безбедноста на храната, храната за исхрана на животни и фитосанитарната област на Западен Балкан.

*
*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**